РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-797
10.04.2018 година
СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
25-04-2018
03 288/25

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Психологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Психологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-173/9 од 21.03.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-797 од 23.03.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Психологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-263/4 од 08.03.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-797 од 29.03.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 02.04.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-797 од 03.04.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Психологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити